Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јануари 2022 година

Скопје, јануари 2022 година

З А П И С Н И К
од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 јануари 2022 година

Седницата се водеше во два дела.

Првиот дел од седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Јетон Шакири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија и нотар Снежана Сарџовска.

Од седницата отсуствуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.

Овој дел од седницата заврши во 14:00 часот.

*

*        *

Вториот дел од седницата што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 20:25 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Јетон Шакири, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Ирена Стефоска, министер за култура.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 93-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 127-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 129-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 130-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 131-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2021 година**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

1. Информација за Годишна сметка за работа за 2019 година и Ревизорски извештај за работа за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

2. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија - Скопје, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е2-комунална супраструктура - трафостаница КО Ресава, со Предлог- одлука

3. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија -Скопје, за изградба на облект од јавен интерес со намена Е2-комунална супраструктура - трафостаница, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП Битола ДП 03-128/20 (КП бр.6123 КО Битола 4)

5. Информација за донесување Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Прв скопски извиднички одред“ - Скопје (алат и опрема), со Предлог-одлука

6. Предлог-решение за назначување претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на интерресорската работна група за воспоставување Национален акциски тим за борба против тероризмот

7. Информација за давање на согласност за склучување на анекс договори за користење-концесија на дивечот во ловиштата согласно Законот за дополнување на Законот за ловството „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/21

8. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод лот 1 делница Клечовце – Неготино за приклучок кон постоечкиот гасовод на блок станица – Клечовце со мерна станица, со Предлог-одлука

9. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на изградба на магистрален гасовод лот 2 делница Кавадарци – Битола – од км 7+800.00 до км 9+300.00 КО Шивец, Општина Кавадарци со Предлог-одлука

10. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтна централа со моќност од 0.7 MW КО Конче, Општина Конче, со Предлог-одлука

11. Информација за усвојување на План за повисоки еколошки стандарди во одбраната 2022-2024 година

12. Информација со План на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година, со План на активности

13. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2022 година

14. Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2022 година

15. Иницијатива поднесена од адвокат Виктор Божиновски од Куманово, доставена до Уставениот суд на Република Северна Македонија под У.бр.133/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002)

16. Иницијатива поднесена од Стефчо Костов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 25 став 1 точка 11 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019)

17. Понуда од нотар Марија Барзова од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10351, за КО Чардаклија, на КП бр. 2216/1, Викано место/улица Село

18. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.508, за КО Горна Бела Црква, на КП бр.72, Викано место/улица Евла

19. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5302 и Имотен лист бр.1483 за КО Ресен на КП бр. 4232, Викано место/улица М.Трповски

20. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 627 за КО Центар 1, на КП бр.6571, викано место/улица Виргина, со дополнување

21. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8380 за КО Радовиш на КП бр.1632, Викано место/улица Ана Поцкова

22. Понуда од нотар Димитар Петров од Кочани за продажба на идеален дел од недвижен имот, КП бр.1197, запишан во Имотен лист бр.957, за КО Полаки, КП бр.1212/1, запишан во Имотен лист бр.960, за КО Полаки, КП бр.1054, запишан во Имотен лист бр.958, за КО Полаки и КП бр.1065/1, запишан во Имотен лист бр.959, за КО Полаки, сите на викано место/улица с.Полаки

23. Кадровски прашања

24. Прашања и предлози

25. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за ноември 2021 година

26. Информација за спроведување на ИПА проектот ,,Подготовка на стратешки мапи за бучава и акциски планови со програма со мерки (Development of Strategic Noise Maps and Action Plans with Programs of Measures"

27. Информација за преземени активности во однос на обврските од Информацијата за задачи кои произлегуваат од работниот состанок на ниво на експертски групи во Ниш, 12.11-14.11.2021 година, како дел од иницијативата Отворен Балкан

28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права

29. Предлог-програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2022 година

30. Предлог-уредба за изменување и дополнувања на Уредбата за поблиските критериуми во однос на просторот, кадарот и опремата за земање, пресадување и разменување на органите и ткивата, за потребниот простор, опремата и кадарот што треба да ги обезбеди здравствената установа при земање, пренесување, разменување и чување на органи и ткива од човечкото тело заради лекување

31. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на земање, чување и употреба на крвотворни матични клетки

32. Информација на Министерството за култура за остварување на правото на разлика во нето плата по основ на минат труд за степен на кариера на вработените во Министерството за култура

33. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Жежовски против Северна Македонија А.бр.52572/18

34. Предлог-програма за зелен развој за 2022 година

35. Предлог-пограма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2022 година

36. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2021 година, Записникот од Сто дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2021 година, Записникот од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2021 година, Записникот од Сто и триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2021 година и Записникот од Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2021 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

Владата не расправаше по Извештајот за степенот на реализација и напредокот во спроведувањето на Реактивната монигоринг мисија и одлуките на Комитетот за светско наследство - Природно и културно наследство на Охридскиот Регион.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна сметка за работа за 2019 година и Ревизорски извештај за работа за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за работа за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Ревизорскиот извештај за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од донесување на Одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија - Скопје, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е2 - комунална супраструктура - трафостаница КО Ресава, со Предлог - одлука, за наредна седница на Владата, поради потребата Општина Кавадарци да приложи нова службена белешка која ќе содржи констатација дека од урбанистички аспект не постојат пречки за доделување на право на долготраен закуп.
Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија - Скопје, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е2-комунална супраструктура – Трафостаница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија- Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот да достави нова потврда дека за објектот за кој се бара донесувањето на одлуката не се води постапка за легализација на тој објект, а по доставување на потврдата материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Прв скопски извиднички одред“ - Скопје (алат и опрема), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Прв скопски извиднички одред“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го одложи од разгледување Предлог-решението за назначување претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на интерресорската работна група за воспоставување Национален акциски тим за борба против тероризмот, за наредната седница на Владата поради потребата од дополнително усогласување.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на Анекс договори за користење-концесија на дивечот во ловиштата согласно Законот за дополнување на Законот за ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/21) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Мачево. “

2. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Ниџе. “

3. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Облаково“.

4. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Бач“.

5. Даде согласност на Анекс -договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.10 „Оптичари“.

6. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.11 „Породин“.

7. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Драгор“.

8. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.16 „Трн“.

9. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Баба“.

10. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Древеник“.

11. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.13 „Црно Буки“.

12. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Ногаевци“.

13. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Нежиловски Стени“.

14. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Соколица“.

15. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Бежица“.

16. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Крушје“.

17. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Отовица“.

18. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Караслари“.

19. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.9 „Клепа“.

20. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.10 „Грнчиште.“

21. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.13 „Бистрица“.

22. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.15 „Раштани“.

23. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.11 „Крнино“.

24. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Мартолци“.

25. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.14 „Чашка“.

26. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Градешка Река“.

27. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Осојница“.

28. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Висока Чука“.

29. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Стара Река“.

30. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Кованци“.

31. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Врапчиште“.

32. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Стогово“.

33. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Дешат“.

34. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Баниште“.

35. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Влаина“.

36. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Голак“.

37. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Бигла“.

38. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Киселица“.

39. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Куманичево“.

40. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Мрежичко“.

41. Даде согласност на Анекс -договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.9 „Ваташа“.

42. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.10 „Кошани“.

43. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Букојчани“.

44. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Зрновска Река“.

45. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Мушково“.

46. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Рудари“.

47. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Куклица“.

48. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Живалево“.

49. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Борово“.

50. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Луке“.

51. Даде согласност на Анекс -договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Руен“.

52. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Киселица“.

53. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Градец“.

54. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Острилци“.

55. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Дивјаци“.

56. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Алданци“.

57. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Стрима“.

58. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Требовље“.

59. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Липа“.

60. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Дисан“.

61. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Војшанци“.

62. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Тимјаник“.

63. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Пештерница“.

64. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Брежани“.

65. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Завој“.

66. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Шталковица“.

67. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Добрево“.

68. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Дренок“.

69. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Гајранци“.

70. Даде согласност на Анекс -договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Плачковица“.

71. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Смиланци“.

72. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Ињево“.

73. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Прналија“.

74. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Подареш“.

75. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Липовиќ“.

76. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Габревци“.

77. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Плака“.

78. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Курбиново“.

79. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Царев Двор“.

80. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Стањевци“.

81. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Сопот“.

82. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Орел“.

83. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Мечкуевци“.

84. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Ерџелија“.

85. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.3 „Кључка Река“.

86. Даде согласност на Анекс -договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.4 „Бродец“.

87. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.1 „Белица“.

88. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Драслајца“.

89. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.10 „Ново Село“.

90. Даде согласност на Анекс-договорот кон Договорот за користење-концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Жеровјане“.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод лот 1 делница Клечовце - Неготино за приклучок кон постоечкиот гасовод на блок станица - Клечовце со мерна станица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод лот 1 делница Клечовце - Неготино за приклучок кон постоечкиот гасовод на блок станица - Клечовце со мерна станица, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на изградба на магистрален гасовод лот 2 делница Кавадарци - Битола - од км 7+800.00 до км 9+300.00 КО Шивец, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на изградба на магистрален гасовод лот 2 делница Кавадарци - Битола - од км 7+800.00 до км 9+300.00 КО Шивец, Општина Кавадарци со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтна централа со моќност од 0.7 MW КО Конче, Општина Конче, со најнов текст на Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтна централа со моќност од 0.7 MW КО Конче, Општина Конче, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на План за повисоки еколошки стандарди во одбраната 2022-2024 година и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

Се задолжува Министерството за одбрана да ги преземе сите активности за реализација на обврските кои се предвидени во Планот за повисоки еколошки стандарди во одбраната 2022 – 2024 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата со План на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година, со План на активности (нов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата со План на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година.

2. Го прифати Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Министерството за правда да го следат спроведувањето на Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на

Конвенцијата, 2021-2024 година, и да ги спроведат во утврдените рокови мерките и активностите предвидени во нивна надлежност со истиот.

4. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за локална самоуправа, во утврдените рокови да ги спроведат мерките и активностите од нивна надлежност предвидени со Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година и да го следат спроведувањето на мерките и активностите предвидени со истиот од надлежност на органите во нивен состав.

За спроведувањето на мерките и активности во нивна и во надлежност на орган во нивен состав да го известуваат Министерството за правда.

5. Се задолжува Министерството за правда до Владата да достави информација за спроведувањето на Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година, до 31 март 2022 година.

## Точка 13

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Виктор Божиновски од Куманово, доставена до Уставениот суд на Република Северна Македонија под У.бр.133/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт со законодавната, извршната и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.
Според членот 51 од Уставот „Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.“

Локалната самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок е уредена во Главата V од Уставот на Република Северна Македонија. Согласно членот 114, став (1) на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа.
Согласно членот 115, став (1), од Уставот, амандман XVII во единиците на локалната самоуправа, граѓаните непосредно и преку претставници, учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон. Во ставот (2) од овој член е утврдено дека општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

Амандманите XXXIII, XXXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија ги донесе и прогласи на седницата одржана на 11 јануари 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/19). Согласно амандманот XXXIII на Уставот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборот „Македонија“ се заменува со зборовите: „Северна Македонија“, освен во членот 36 од Уставот на Република Македонија.
Уставниот закон за спроведување на амандманите XXXIII, XXXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/19) во членот 1 став (1) утврдува дека „Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија влегуваат во сила со влегувањето во сила на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство во НАТО од Првата страна на Конечната спогодба.“
Согласно членот 2 став (1) од овој закон „Одредбите од амандманот XXXIII во прописите и другите акти на државните органи се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.“ Во членот 6 од истиот закон е утврдено дека „Овој уставен закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија го прогласува Собранието на Република Македонија и влегува во сила со денот на влегувањето во сила на уставните амандмани.“
Уставниот Закон има карактер на преодни уставни одредби, односно уставниот закон е средство за спроведување на Уставот, односно уставните измени во пракса, и со него се уредува (определува) начинот и времето на примена на одделни одредби од прогласените измени на Уставот.
Владата на Република Македонија во Службен весник на Република Македонија бр. 36/2019 објави дека „Условите предвидени со Одлуката за прогласување на Амандманите XXXIII, XXXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија се исполнети и Амандманите XXXIII, XXXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија ги донесе на седницата одржана на 11 јануари 2019 година, влегуваат во сила на 12 февруари 2019 година. Со влегувањето во сила на уставните амандмани XXXIII, XXXXIV, XXXV и XXXVI влегува во сила и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2019 година “
Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) како системски закон, го уредува остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината (советот и градоначалникот), избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со законот со кој се регулираат локалните избори.

Подносителот на Иницијативата со поднесената Иницијатива поведува постапка за следните одредби од Законот за локалната самоуправа:

- Член 1 „Со овој закон се уредуваат: надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Македонија; месната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа."

- Член 2 став (1) точка 3. „Меѓународна соработка на општините" е секое дејствие на општините од Република Македонија преземено во согласност со закон, заради воспоставување соработка меѓу нив и локалните заедници или локалните власти на една или повеќе други држави, како и членување на нивните асоцијации во меѓународни организации на локалните заедници или локалните власти;

- Член 4 став (1) „Градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа во која се остваруваат заедничките потреби и интереси на граѓаните што произлегуваат од карактерот на Градот Скопје, како главен град на Република Македонија ".

-Член 6 „Жителство на општината Граѓаните на Република Македонија, кои имаат постојано живеалиште на подрачјето на општината се жители на општината ".

-Член 10 став ( 2) и (5) „ Грбот и знамето на општината (во натамошниот текст: грб и знаме), се разликува од грбот и знамето на Република Македонија и грбот и знамето на другите општини и Градот Скопје. Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа, води регистар на грбовите и знамињата на општините во Република Македонија".

-Член 19 став (1) „Територијалната поделба на Република Македонија, утврдувањето на подрачјето, имињата, седиштата и границите на општините, постапката за основање општини ( спојување, поделба и промена на границите) и други прашања во врска со територијалната поделба се уредуваат со закон ".

- Член 23 став (2) „Во случаите од ставот (1) на овој член се пренесуваат и средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија за извршување на тие работи ".

- Член 38 „Новоизбраните членови на конститутивната седница на советот даваат и потпишуваат свечена изјава, која гласи: ,,Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член во советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, прописите на советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија ".

- Член 51 став (3) „Ако советот го потврди прописот, градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија ".

- Член 54 став (4) „Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (3) на овој член ја известува Владата на Република Македонија, која во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето, констатира дека настапил еден од случаите од ставот (1) на овој член и истовремено иницира постапка за распишување нови избори за градоначалник, во согласност со закон “.

- Член 60 став (1) точка 7. „Ракува со документите на општината, и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија “.

- Член 71 став (3) и (4) „Решението од ставот (2) на овој член се објавува во Службен весник на Република Македонија. (4) Органот од ставот (1) на овој член, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на решението од ставот (1) на овој член, до Уставниот суд на Република Македонија поднесува иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на запрениот пропис “.

- Член 75 став (1) точки (1 ) и (2) „Советот се распушта, ако : 1. Повторно го донесе прописот што претходно бил поништен или укинат со одлука на Уставниот суд на Република Македонија; 2. Донесе одлука со која се загрозуваат суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија “;

- Член 76 став (1) и (2) „Министерството надлежно за вршење на работите од областа на локалната самоуправа, во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето од членот 75 став (2) на овој закон, до Владата на Република Македонија ќе поднесе предлог за распуштање на советот. Владата на Република Македонија, во рок од еден месец од денот на приемот на предлогот од ставот (1) на овој член, ќе донесе решение за распуштање на советот по сила на закон, кое го објавува во Службен весник на Република Македонија “.

- Член 79 (2) „Собранието на Република Македонија ќе биде информирано за договори за соработка од ставот (1) на овој член “.

- Член 80 став (3) „Со законот што се однесува на прашањата од ставот (1) на овој член, до Собранието на Република Македонија се приложува и извештајот од ставот (2) на овој член “.

- Член 81 „ (1) Здружението на општини, во кое заради заштита и унапредување на заедничките интереси се здружиле повеќе од 2/3 од општините од целата територија на Република Македонија, има право да: - соработува со Владата по прашањата од значење за општините во Република Македонија; - иницира донесување на законите што се однесуваат на унапредување на локалната самоуправа; - дава предлози за проектирање на предлогот на Буџетот на Република Македонија во делот што се однесува на доделување на средства на општините наменети за вршење на надлежностите утврдени со закон и - остварува соработка со сродни организации од други земји и ја претставува Република Македонија во меѓународни организации на локалните власти. (2) Здружението од ставот (1) на овој член се основа, организира, функционира и регистрира под услови и на начин утврдени со закон “.

- Член 87 „Советот и градоначалникот може пред Уставниот суд на Република Македонија да поднесат иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на министерствата и другите органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите “.

- Член 88 „На општините им се гарантира судска заштита пред надлежните судови во однос на актите и на активностите на органите на државната управа и на Владата на Република Македонија со кои се попречува вршењето на надлежностите на општините утврдени со закон “.

- И членовите 95, 96 став 2, 97, 100, 101, 102, 104, 105 како дел од Преодните одредби од Законот за локалната самоуправа.

Употребата на зборовите „Република Македонија“ во наведените одредби кои се оспоруваат, сметаме дека не е основа за утврдување на нивна неуставност, при тоа имајќи го предвид Уставниот закон за спроведување на Амандманите XXXIII, XXXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/19). Напротив секоја употреба на други зборови, освен зборовите „Република Северна Македонија“ при конкретната имплементација на некоја од оспорените одредби од Законот за локалната самоуправа е спротивна на Уставот на Република Северна Македонија, како највисок правен акт во хиерархијата на правниот поредок.

Во содржината на оспорените законски одредби се содржани зборовите: „Република Македонија“, бидејќи не е извршена измена на Законот за локална самоуправа и истиот не е усогласен со амандаманот XXXIII. Меѓутоа, имајќи го предвид фактот дека Уставот е највисок правен акт во државата, а уставните норми имаат супериорно (најсилно) правно дејство, односно согласно цитираниот член 51 од Уставот сите закони и прописи мора да бидат во согласност со Уставот, неспорно е дека зборовите „Република Македонија“, согласно амандманот XXXIII се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“ и неспорно е дека употребата на овие зборови, односно употребата на уставното име на државата во сите прописи и акти на државните органи започнува со денот на влегувањето на сила на уставните амандамани, односно од 12 февруари 2019 година.

Имајќи го предвид наведеното јасно произлегува дека употребата на уставното име на државата директно и непосредно се применува во непосреденото постапување на единиците на локалната самоуправа и на сите други субјекти при примена на оспорените одредби од Законот за локалната самоуправа, започнувајќи од 12 февруари 2019 година, при тоа создавајќи обврска при примената на сите членови да се користи уставното име на државата, односно да се користат зборовите „Република Северна Македонија“ во сите документи и акти и во целокупната друга комуникација која се создава и практикува при имплементацијата на оспорените законски одредби, како основа за обезбедување на целосен правен легитимитет и правна основаност на сите правните акти и правни дејствија коишто при тоа се создаваат и коишто се спроведуваат.

Имајќи го предвид горенаведеното, оспорените одредби од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9 став 2, член 51 и член 115 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02).

## Точка 16

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Стефчо Костов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 25 став (1) точка 11 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 25 став (1) точка 11 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) според кој тужбата мора да биде разбирлива и да содржи, меѓу другото, доказ за платена такса, од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на одредбите од член 9, член 15, член 50 од Уставот на Република Северна Македонија и член 6 од Европската конвенција за човекови права и слободи.

Според подносителот, со постоењето на оваа законска одредба во правниот поредок на Република Северна Македонија им се оневозможува на граѓаните непречено - безусловно да ги користат правата и овластувањата што им ги гарантира Уставот на Република Северна Македонија.

Според член 9 од Уставот на Република Северна Македонија „Граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.

Според членот 15 од Уставот на Република Северна Македонија „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон“.

Според членот 50 од Уставот на Република Северна Македонија „Секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита“.

Поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, како и владеење на правото треба да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и

законите на Република Северна Македонија. Судската заштита е посебен облик на организирана правна заштита. Неа ја даваат, по правило, судовите според посебни правила на постапката кои се детално утврдени со закон. Странката за да го оствари своето повредено, загрозено или вознемирено субјективно право, се обраќа до надлежниот орган или суд со барање за соодветна заштита. Во постапката за правна заштита, судот испитува, на начин пропишан со процесното право, дали постои наводното субјективно право кое правниот субјект сака да го оствари и ги определува мерките на негова заштита.

Принудата која судот ќе ја примени секогаш се движи во рамките на општите правила на постапување кои се предвидени со процесното право и тоа подеднакво за сите субјекти што учествуваат во постапката за заштита и остварување на правото. Правната заштита на субјективните права кои произлегуваат од корпусот на различните управно-правни односи е уредена со посебни процесни правила. Оваа заштита, на барање на носителот на субјективното право што е повредено, оспорено или загрозено, ја дава судот во посебна постапка за судско остварување на правата во управно-судска постапка. Правната заштита се обезбедува според правилата на редовната (општата) управна постапка уредена со Законот за управните спорови.
Дополнително, постапката пред судот се уредува со закон и се заснова врз следниве начела: законитост, сослушување на странките, усна расправа, контрадикторност и пропорционалност и ефикасност. Имајќи го предвид наведеното, законодавецот јасно ги поставил основите за начинот на водење на постапка пред судовите.

Подносителот на иницијативата не е во право кога укажува на тоа дека граѓаните се ставаат во неповолна положба, односно дека законот го условува граѓанинот во одреден управен спор да ја плати судската такса во моментот на поднесување на тужбата, со санкција за нејзино отфрлање бидејќи на тој начин тој би останал без загарантираното право на судска заштита.

Согласно член 2 од Законот за судските такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/09, 148/11, 106/13, 166/14 и 257/20) „Такси се плаќаат во: 1) парничната постапка; 2) вонпарничната постапка; 3) извршувањето; 4) кривичната постапка поведена по приватна тужба и по барање на супсидијарен тужител; 5) постапката по управните и управно-сметководните спорови; 6) постапката за упис во регистри што ги води судот; 7) стечајната постапка и постапката за ликвидација; 8) постапката по барања за преиспитување на решение за прекршок и 9) други случаи предвидени во Таксената тарифа“.

Согласно член 3 став (1) од Законот за судските такси „Таксите пропишани со овој закон е должно да ги плати лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се преземаат дејствијата во постапката (во натамошниот текст: таксен обврзник)“.

Според ставот (2) на истиот член „За одлука на суд со која поднесокот се отфрла како поднесен од неовластено лице, таксата е должен да ја плати подносителот на поднесокот со кој се иницирала постапката.“

Имајќи го предвид наведеното, законодавецот јасно и децидно ги пропишал ситуациите во кои таксениот обврзник е должен да ја плати таксата пропишана со овој закон. Воедно, предвидени се и ситуации во кои таксениот обврзник е ослободен од плаќање на таксите, односно судот ќе ја ослободи од плаќање такса странката ако со плаќањето на таксата значително би биле намалени средствата од кои се издржува странката или членовите на нејзиното семејство. Судот може на странката да го одложи плаќањето на таксата се до донесувањето на одлуката или да и дозволи

плаќање на таксата на рати. Во овој случај, судот по предлог на странката во рок од пет дена од денот на поднесување на предлогот ќе донесе решение за ослободување од плаќање такса, за одлагање на плаќање на такса или за плаќање на рати. Кон предлогот странката приложува доказ издаден од надлежен орган за имотната состојба која се утврдува врз основа на податоците за приходи по сите основи на тоа лице, како и на членовите на неговото домаќинство со кои живее и изјава за неговата материјално - социјална состојба за период од шест месеци пред доставувањето на предлогот.

Со предвидувањето на ваква одредба во Законот за судските такси се обезбедува забрзување и економичност во судските постапки врз уставниот принцип на итност, како и дисциплина во плаќање на трошоците на постапката како јавни давачки, водејќи притоа сметка за остварување на правото на секој граѓанин на судска заштита на своите слободи и права независно од социјалното потекло и имотната положба.

По однос на тоа дека оспорената одредба не е во согласност со членот 6 од Европската конвенција за човекови права и слободи, укажуваме на тоа дека Уставниот суд согласно членот 110 од Уставот на Република Северна Македонија одлучува за согласност на законите со Уставот и на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите на Република Северна Македонија, но не е надлежен да ја цени усогласеноста на законите со меѓународните договори бидејќи тие не може да бидат предмет на уставно судска оценка ниту пак можат да бидат критериум за оценување на согласноста на законите со меѓународните договори.

Воедно, со Законот за бесплатна правна помош се предвидува давање на примарна и на секундарна правна помош. Примарната правна помош се состои од давање на општ правен совет, општа правна информација, помош при составување на барање за бесплатна правна помош. Секундарната правна помош ја даваат адвокатите и таа се состои од застапување во граѓански судски постапки, во управни постапки пред Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, застапување во постапка за расправање на оставина пред нотар, составување поднесоци на должник пред извршител и други случаи предвидени со закон. Корисниците на бесплатна правна помош се ослободени од судски трошоци и од трошоци за вештачење (истото ќе се врши од Бирото за судски вештачења без надомест). Согласно наведеното, без разлика на социјалниот статус, граѓаните се еднакви пред судот и законот важи еднакво за сите.

Дополнително, законското решение се применува од страна на сите судови непречено и оттука, по разгледување на сите теоретски и практични причини Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од Законот за управните спорови е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 25 став (1) точка 11 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19).

## Точка 17

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Барзова од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10351, за КО Чардаклија, на КП бр. 2216/1, Викано место/улица Село и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 18

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Ресен, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.508, за КО Горна Бела Црква, на КП бр.72, Викано место/улица Евла и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 19

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5302 и Имотен лист бр.1483 за КО Ресен на КП бр. 4232, Викано место/улица М.Трповски и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 20

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери - Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 627 за КО Центар 1, на КП бр.6571, викано место/улица Виргина, со дополнувањето и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 21

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8380 за КО Радовиш на КП бр.1632, викано место/улица Ана Поцкова и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 22

Владата ја разгледа Понудата од нотар Димитар Петров од Кочани, за продажба на идеален дел од недвижен имот, КП бр.1197, запишан во Имотен лист бр.957, за КО Полаки, КП бр.1212/1, запишан во Имотен лист бр.960, за КО Полаки, КП бр.1054, запишан во Имотен лист бр.958, за КО Полаки и КП бр.1065/1, запишан во Имотен лист бр.959, за КО Полаки, сите на викано место/улица с.Полаки и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

# Точка 23

**1**. Владата го отповика Љубчо Кижевски од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

**1.1** Владата го избра Ејуп Аљими за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

**2.** Владата го отповика Васко Стефанов од должноста член на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанско на Република Северна Македонија, во државна сопственост.

**2.1** Владата го избра Локман Љимани за член на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанско на Република Северна Македонија, во државна сопственост.

**3.** Владата на Абдуш Демири, разрешен од должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија му утврди право на плата по престанок на функцијата во траење од девет месеци, сметано од 7 декември 2021 година до 7 септември 2022 година.

**4.** Владата заклучи врз основа на член 14-г став 9 од Законот за спорт, да му предложи на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за формирање на Централна комисија за евалуација на Предлог-листата, (Агенција за млади и спорт) Нијази Елмазов, да го разреши од должноста член на Централната комисија, на негово барање.

**5.** Владата ја именува Верица Тодорова - Дацева за член на Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Велес-претставник од Советот на општината.

**6.** Владата ја разреши Катерина Сенева - Конева од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Свети Николе, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

**7.** Владата го разреши Ѓорѓи Петрушев од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните, поради истек на мандатот.

**7.1.** Владата го именува Ѓорѓи Петрушев претставник од Стопанската комора на Северна Македонија за член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните.

**8.** Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Пелистер- Битола, поради истек на мандатот ги разреши:

- Томислав Петров и
- Владимир Василевски.

**8.1** Владата за членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Пелистер- Битола, ги именува:

- Владимир Василевски-дипломиран економист и
- Зоран Појчевски-дипломиран шумарски инжинер.

**9.** Владата ја прифати оставката на Елгафар Јусуфи од должноста директор на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола.

**10.** Владата го именува Џемил Ќамили за вршител на должноста директор на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството–Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**11.** Владата го разреши проф. д-р Владо Бучковски од должноста специјален претставник на Владата на Република Северна Македонија за Република Бугарија.

**12.** Владата го именува Фестим Халили за вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој, на предлог на Управниот одбор на Фондот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**13.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Железнци на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје, за член на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје, да го избере Браим Ајвази.

**14.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, за в.д. заменик на директорот да го избере Елгафер Јусуфи.

## Точка 24

**1.** Владата ги задолжи сите министерства и другите органи на државната управа, веднаш да ги платат фактурите за испорачана топлинска енергија за декември 2021 година од Балкан енерџи груп, Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД – Скопје и АД Електрани на Северна Македонија Скопје–Подружница Енергетика- Скопје.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 25 декември 2021 година до 31 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со процесот на изработка на дигиталниот асистент базиран на вештачка интелигенција за потребите на програмите на државна помош од компанијата Кодвел анлимитед ДОО Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1) Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да ја координира изработката на дигиталниот асистент и да остварува континуирана соработка со Компанијата.

2) Се задолжуваат Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Фондот за иновации и технолошки развој, најдоцна до 14 јануари 2022 година, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да номинираат контакт лице за реализација на проектот за изработка на дигитален асистент базиран на вештачки интелигенција за потребите на програмите на државна помош, во рамки на надлежностите и програмите за државна помош на секоја од институциите.

**4.** Владата по повод земјотресите кои на 10.1.2022 година го погодија Битолскиот Регион, го задолжи министерот за локална самоуправа и претседателот на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да одржат работна средба со градоначалникот на Општина Битола, со цел да се дефинираат и искоординираат активностите што треба да се преземат во врска со санирање на штетите по земјотресот.

**5.** Владата по повод укажувањето на Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, заклучи сите министерства и институциите-органи во состав на министерствата, до Министерството за животна средина и просторно планирање да доставaт Листа на објекти кои се греат со мазут или друго нееколошко гориво.

**6.** Владата го разгледа Барањето од Заедницата на единиците на локалната самоуправа за изнаоѓање решение за надминување на проблемите со кои се соочуваат дел од општините како резултат на кризата со снабдување со електрична енергија и заклучи Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и м-р Крешник Бектеши, министер за економија, да остварат средба со Заедницата на единиците на локалната самоуправа, со цел изнаоѓање на заедничко прифатливо решение за надминување на настанатиот проблем.

**7.** Владата заклучи Известувањето за настанат прекин во испорака на топлинска енергија во топланата Скопје Север АД – Скопје да се разгледа на седница на Владата по изнаоѓање соодветно решение (по состанокот со ЗЕЛС), за надминување на проблемот со Балкан енерџи груп.

**8.** Владата на предлог на д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, заклучи да престане да важи заклучокот бр.2, во делот Пред преминување на дневен ред од Нацрт-записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22 август 2017 година, донесен по Информацијата за статусот на реализација на План 3-6-9, кој гласи:

„2. Согласно мерката 6.1.2. од Планот 3-6-9, која се однесува на стопирање со владините реклами на комерцијалните радиодифузери и печатени медиуми (со исклучок на социјалните медиуми) и пренесување на комуникацијата со граѓаните преку јавниот радиодифузен сервис, се задолжуваат сите органи на државната управа, се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа и се препорачува на единиците на локалната самоуправа, да престанат да емитуваат/рекламираат кампањи/спотови на платен простор во електронски комерцијални радиодифузери – телевизии и радија, дневни и неделни весници, билборди, интернет портали и сл. (со исклучок на социјалните медиуми), согласно усвоената мерка од Планот 3-6-9.

**9.** Владата го разгледа Барањето за покровителство на проектот „Денови на Свети Сава“ - Одбележување на националниот ден на Србите во Македонија, со Предлог-одлука, го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**10.** Владата го разгледа Известувањето на Агенцијата за електронски комуникации за прекинување на постапка започната врз основа на Одлука за распишување на јавен тендер со јавно наддавање за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz, донесена од директорот на Агенцијата за електронски комуникации, го прифати и заклучи да престане да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz, донесена од Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 ноември 2021 година.

Согласно ова, потребно е да се подготви соодветен акт, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 28 декември 2021 година до 3 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**12.** Владата го разгледа Известувањето доставено од Советот за информатичко – комуникациска технологија во врска со воведување на услугата за издавање електронски уверенија од казнената евиденција, која почнувајќи од септември 2021 година е комплетно завршена и достапна на националниот портал uslugi.gov.mk и ги задолжи сите институции да ги признаваат електронските уверенија со подеднаква важност како и оние кои се издаваат во печатена форма.

**13.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 1 јануари 2022 година до 7 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2

од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**14.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 30 декември 2021 година до 5 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**15.** Владата го разгледа Барањето согласност за пристапување во судската парница како нов тужител согласно член 186 став 2 од Законот за парничната постапка, а во врска со постапката иницирана со тужба на тужителот Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија - Скопје против тужениот ДЛОД ВОЛФ ДООЕЛ Евла - Ресен и даде согласност за понатамошно постапување по предметот.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за ноември 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 26

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Подготовка на стратешки мапи за бучава и акциски планови со програма со мерки (Development of Strategic Noise Maps and Action Plans with Programs of Measures)“ за наредна седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 27

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за преземени активности во однос на обврските од Информацијата за задачи кои произлегуваат од работниот состанок на ниво на експертски групи во Ниш, 12.11.2021-14.11.2021 година, како дел од иницијативата Отворен Балкан, како материјал за информирање.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*) и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за култура да изврши усогласување на текстот на кореспондентните табели со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*) согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Ирена Стефоска, министер за култура и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура, а за повереници Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура и Фросина Ѓоршовска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 29**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на земање, чување и употреба на крвотворни матични клетки и ја донесе Уредбата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за изменување и дополнувања на Уредбата за начинот на земање, чување и употреба на крвотворни матични клетки и ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата на Министерството за култура за остварување на правото на разлика во нето плата по основ на минат труд за степен на кариера на вработените во Министерството за култура и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура средствата потребни за исплата на разликата по основ на минат труд за степен на кариера за изминатите 36 месеци (три години) да ги исплати од обезбедените средства во Буџетот на Министерството за култура за 2022 година, од ставката 464, Програма 10, Раздел 180.01.

2. Се задолжува Министерството за култура со вработените државни службеници кои имаат стекнато право на додаток на плата по основ на кариера во Министерството за култура, да склучи вон судски спогодби во рок од 15 дена со цел избегнување на тужбени побарувања и дополнителни фискални импликации (судски трошоци и камати) врз Буџетот на Република Северна Македонија и за истото да го информира Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Жежовски против Северна Македонија А.бр.52572/18 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Жежовски против Северна Македонија А.бр.52572/18.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантот од предметот Жежовски против Северна Македонија А.бр.52572/18 ќе му исплати вкупен износ од 4.450 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантот во случајот пред Европскиот суд за човекови права предметот Жежовски против Северна Македонија А.бр.52572/18 да не ја прифати понудата за спогодбено решавање, да изрази еднострана декларација, да ја признае повредата на ЕКЧП и за целите на конечно решавање на предметот пред ЕСЧП на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на ЕСЧП за целите на спогодбено решавање на случајот.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за зелен развој за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2022 година и ја донесе Програмата, со заклучок зборовите „а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2022 година“, да се избришат.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Предлог – програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година и ја донесе Програмата, со тоа што во текстот на Програмата да се вметне и реконструкција на детска градинка во Кичево, по комплетирање на проектната документација.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р. Артан Груби**